# CHRONOLOGICAL DETERMINATION OF THE BEGINNINGS OF THE LATE NEOLITHIC IN EASTERN MACEDONIA

**Pero Sinadinovski**
Arheoper@gmail.com

**Publisher info:**
**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA
**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**
**First Published: 2010**
**Subject:**
history, archaeology, anthropology history of art, ethnology, other humanities
**Publisher:**
Institute of History and Archaeology FON, Goce Delcev University
**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

Beginning of the Late Neolithic Age on the Balkan Peninsula is a result of great ethno-cultural changes. Researches on various sites from the Late Neolithic Age from the Balkan so far show quite precise dating referring to this problematics. This, above all, refers to the sites in the neighbouring countries, Serbia and Bulgaria, territories naturally connected to the eastern part of Macedonia. Unfortunately, from the sites in Macedonia, precise chronological dating for the Late Neolithic Age is determined in the Barutnica site only, near the village of Anzabegovo. Other sites from the Late Neolithic Age mainly are determined by a relative chronology, i.e. by a comparison of the movable archeologic material from the neighbouring cultures and sites. In this paper I am going to try to come up with more accurate chronological data on the beginning of the Late Neolithic Age on this territory by making comparisons with the neighbouring sites and cultural groups not related with the sites on our territory in any manner. Hereupon, there will be several assumptions about the reasons that led to change of the material culture and the transition from middle to Late Neolithic Age.

**Keywords:** Late Neolithic, absolute and relative chronology, ceramic material.

## Theme/s:

Prehistoric archaeology, Macedonian archaeology.

Перо Синадиновски

# ХРОНОЛОШКА ДЕТЕРМИНАЦИЈА ЗА ПОЧЕТОКОТ НА ДОЦНИОТ НЕОЛИТ ВО ИСТОЧНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Почетоците на доцниот неолит на балканскиот полуостров се резултат на големи етнокултурни промени. Од досегашните истражувања на разни локалитети од доцниот неолит на балканот, произлезени се доста прецизни датации кои се однесуваат на оваа проблематика. Тоа пред се’ се однесува на локалитетите во соседните земји Србија и Бугарија, територии кои што природно се поврзани со источниот дел на Македонија. Од локалитетите во Македонија за жал прецизни датации за доцниот неолит имаме само од локалитетот Барутница, кај с. Анзабегово. Другите локалитети од доцниот неолит во главно се датирани преку релативна хронологија, односно со споредба на движниот археолошки материјал од соседните култури и локалитети. Во овој труд ќе се потрудам преку споредби со соседните локалитети и културни групи кои што имаат некаква врска со локалитетите од нашата територија да дојдам до попрецизни хронолошки податоци за почетокот на доцниот неолит на оваа територија. Притоа ќе бидат изнесени неколку претпоставки за причините кои што довеле до промена на материјалната култура и премин од среден во доцен неолит.

**Клучни зборови:** Доцен неолит, апсолутна и релативна хронологија, керамички материјал

................

Во овој труд покрај локалитетите од источниот дел на Македонија, ќе бидат обработени и локалитетите од Скопско и Полошко кои што, иако се наоѓаат во северниот дел на Македонија природно се поврзани со локалитетите од источниот дел. Кај овие локалитети се среќава идентична материјална култура во средниот и доцниот неолит. Источниот дел на Македонија се карактеризира претежно со котлини кои што помеѓу себе се одвоени со помали ридести површини. Оваа географска целина може да се подели на повеќе помали региони и тоа: Полошкиот регион, Скопскиот,

Кумановскиот, Овче Поле и Кочанско како една целина и Струмичката котлина. На север преку Кумановскиот регион и реката Пчиња оваа територија е поврзана со Прешевската долина и горното течение на Морава. На исток преку Струмичкиот регион и Пијанец се поврзува со Струмската котлина во југозападна Бугарија (Сл. 1). Овие географски карактеристики на источниот дел на Македонија и околните региони се главните фактори поради кои што можеме да ги поврземе локалитетите од нашата територија со соседните. Луѓето од населбите од овој дел на Македонија несомнено комуницирале со соседните региони, тоа пред се' затоа што низ оваа територија поминуваат главните патишта од југ кон север по реката Вардар-Пчиња-Морава, за што ќе стане повеќе збор во подолниот текст.




**Сл. 1 Географски региони во источна Македонија и правците на комуникација со соседните области.**

## Материјалната култура во доцниот неолит

Во доцниот неолит на овие простори доаѓа до појава на сосема нова материјална култура која што во потполност се разликува од среднонеолитската. Тоа пред се' се однесува на керамичката продукција. Сепак, не може да се зборува за доцнонеолитска керамика без притоа да се навратиме во последната, IV фаза на среднонеолитската Анзабегово – Вршник културна група. Кај повеќе локалитети од оваа културна група во последната среднонеолитска фаза се забележува појава на керамика со доцнонеолитски карактеристики и мешање со среднонеолитскиот материјал (Garašanin 1979, 95-96). Таква ситуација е регистрирана кај локалитетите Вршник во с. Таринци, Руг Баир кај с. Горубинци, како и во населбата кај Анзабегово во последната среднонеолитска фаза. За керамиката од Вршник забележано е дека црвената сликана керамика се јавува многу поретко во последната фаза, преовладуваат биконусните садови и украсувањето со канелури, а за прв пат се среќава и Blacktopped керамиката (Гарашанин М., Гарашанин Д. 1961, 28). Слична е ситуацијата и кај Руг Баир каде што во последниот хоризонт се зголемува бројот на сивата и црна керамика, а доста честа појава се биконусните садови, како и Blacktopped керамиката (Санев 1975, 224-225). Во хоризонтот II, I и слојот 2 во Анзабегово исто така се јавува мешање на црвената и црната монохромна керамика која што тешко може да се одвои од винчанската (Гарашанин 2009а, 253).

На територијата која е од интерес на ова истражување досега со ископувања доцен неолит е регистриран на следните локалитети: Сред Село, с. Мршевци (Санев В. 1989а), Церје, с. Говрлево (Bilbija 1986), Слатина, с. Зелениково (Гарашанин, Спасовска 1976), Под Село – Тумба, с. Стенче (Здравковски 2005, 25-31), Тумба, во с. Долно Палчиште (Саржоски, Здравковски 1991, 149, 143), Барутница, с. Анзабегово (Gimbutas 1976; Garašanin 1979), Чибук Чешма, с. Никуштак (Здравковски 1993, 19-30), Аман кај с. Лопате (Санев, В. 1980, 9), Алин Дол, с. Њеманици (Здравковски, Шурбаноска 1983, 114), Канли Чаир кај С. Дамјан (Санев 1989б, 36-37), Атици, с. Црничани (Здравковски 2008, 49–59) и Страната, с. Ангелци (Санев, Стаменова 1989, 9-64). Доцнонеолитски материјал е пронајден и кај неколку други локалитети кои што се пронајдени со рекогносцирање, тие се Кременица кај с. Бразда, Долна Орловица, с. Ракотинци, Дервен кај с. Долно Коњаре, Горен Гргур кај Мралино, Долен Шамак, кај Катланово и др. (Митревски 2013, 43).

Керамичкиот материјал од овие населби во доцниот неолит се карактеризира со монохромна темна или црна боја, редукционо печена. Фината керамика се одликува со биконусна или заоблена форма со повеќе различни варијанти на садови на кои што се забележуваат различни типови на држалки, меѓу кои се јавуваат и зооморфни и антропоморфни. Како главни техники на украсување се канелурите и врежувањето, како и ленти исполнети со убоди, исто така и Blactopped керамиката се јавува во доцниот неолит како една од главните особини на керамичката продукција (Garašanin 1979, 207–211; Санев 1994, 31–32). Сите овие карактеристики ја прават сосема поразлична од средненеолитската керамика. На сите овие локалитети погоре наброени, претежно е пронајдена керамика со идентични технолошки и типолошки карактеристики. Како најкарактеристични се јавуваат биконусните садови со темно-сива или црна полирана површина кои можат да бидат на мала нога или со вдлабено дно (T.I. 1,2) (Санев, Стаменова 1989, 19; Гарашанин, Спасовска 1976, 103; Здравковски, Шурбаноска 1983, 114; Санев 1989б, 36-37; Санев 1986, 44; Mount-Williams 1976, 131; Гарашанин М., Гарашанин Д. 2009, 141-149; Здравковски 1993, 19), конусни и широко отворени садови (T.I. 3,4) (Санев, Стаменова 1989, 19; Санев 1989б, 36-37; Гарашанин, Спасовска 1976, 103,105; Гарашанин М., Гарашанин Д. 2009, 141-149; Mount-Williams 1976, 119, 123), топчести садови со заоблен профил со или без извлечен врат (T. II. 5,6) (Санев, Стаменова 1989, 19-20; Гарашанин М., Гарашанин Д. 2009, 141-149; Mount-Williams 1976, 119; Гарашанин, Спасовска 1976, 103; Здравковски 2008, 51; Санев 1987a, 43), како и длабоки садови или амфори кај кои може да има и држалки (T.II. 1-3) (Гарашанин М., Гарашанин Д. 2009, 141-149; Mount-Williams 1976, 131,139; Санев, Стаменова 1989, 19; Санев 1987, 37; Санев 1987a, 43; Здравковски 1993, 19). Во доцниот неолит кај керамичката продукција се забележуваат разновидни држалки, меѓу кои се среќаваат и држалки со зооморфни изведби (Mount-Williams 1976, 117 – 147; Garašanin 1979, 207–211; Санев 1994, 31–32; Гарашанин М., Гарашанин Д. 2009, 141-149; Здравковски 1993, 19). Украсувањето на керамиката во доцниот неолит исто така покажува нова технологија и пракса за разлика од средненеолитската. Во овој период како главни орнаменти се среќаваат канелурите (T.I. 1,2), врежувањето и пунктирањето (T.I. 6. T.II. 3), кои што во доцниот неолит се јавуваат на поширокиот Балкански полуостров (Garašanin 1979,

207–211; Санев 1994, 31–32; Гарашанин М., Гарашанин Д. 2009, 141-149; Гарашанин, Спасовска 1976, 105; Санев, Стаменова 1989, 19-20; Здравковски 1993, 19). Ова се основните карактеристики на керамичката продукција од доцниот неолит. Што се однесува пак до антропоморфните фигурини за нив карактеристично е тоа што се јавуваат фигурини со т.к.н. „птичјо лице". Тие најчесто се претставени стилизирано, цилиндрично изведени, при што се забележуваат основните делови и екстремитети од телото кои не се сосема нагласени. Покрај овие се среќаваат и фигурини во седечка положба. На лицето се забележува пренагласеност на носот додека на другите делови од главата не е посветено внимание (Т.II. 4,6,7). Интересен е еден наод на фигурина од Долен Шамак кај Катланово каде што се забележува кружно масовно тело со краток врат на кој се врежани очи и испакнат нос. (Т.II. 5), како и една претстава торзо која што е идентична како познатиот Адам од Говрлево (Т. II. 8, 8а). Фигурините најчесто се работени од две половини кои потоа биле спојувани (Gimbutas 1976b, 215-240; Garašanin 1979, 209; Санев 1994, 32; Гарашанин, Спасовска 1976, 105; Здравковски 2008, 51; Санев, Стаменова 1989, 20-21; Здравковски 1993, 19-20; Наумов 2014; Тодоровски Карасарлидис 2008, 52-82). Што се однесува до култните масички – жртвениците, немаме голем број на такви предмети од доцнонеолитските локалитети. Најчесто се работи за фрагменти кои што не секогаш дозволуваат целосна реконструкција на предметите. Масичките на нозе се декорирани со вражувања и пунктирање, а најверојатно имаат по четири или три нозе (Санев, Стаменова 1989, 21, 23; Здравковски 2008, 51).

Ова се основните белези на доцнонеолитскиот материјал од локалитетите кои што се од интерес на овој труд. Промените во материјалната култура кај населбите од источна Македонија во главно се случиле под влијание на силната Винчанска култура од север, како и од населбите по течението на р. Струма (Garašanin 1979, 208; Санев 1994, 31,32; Sanev 1996, 156; Митревски 2013, 109-111). Како што ќе видиме во подолниот текст, населбите од соседните региони порано ќе ги прифатат новите културни придобивки во материјалната култура, во споредба со населбите од нашата територија. Преку интензивни контакти на населението од оваа територија со соседите постепено дошло до целосна промена на материјалната култура и употреба на нова технологија за изработка на керамичкиот материјал, каде што промени се забележуваат и во самата типологија на садовите..

**Хронологија на соседните културни групи**

Територијата на западна Бугарија, по течението на р. Струма, како и јужна Србија се природно поврзани со источниот дел на Македонија. Од овие територии имаме повеќе прецизно датирани локалитети и фази од доцниот неолит за разлика од локалитетите во Македонија. Таквата ситуација ни дава можност преку компаративниот метод, споредувајќи ја материјалната култура и фазите од доцниот неолит да дојдеме до попрецизно хронолошко позиционирање на доцнонеолитските локалитети од нашата територија.

***Северно од Македонија***

Во доцниот неолит на територијата на север од Македонија се појавува Винчанската култура со нејзините јужни варијанти. Поради тоа што се работи за една комплексна култура која што била препознаена и пласирана во науката уште многу одамна, досега се напишани многу трудови и книги за развојните фази на оваа култура и нејзината хронологија. Досега во науката се направени повеќе обиди за прецизирање на хронологијата на оваа култура. Во литературата најприфатени и користени се хронолошките фази направени од Милојчиќ и Гарашанин (Milojčić 1943/49; Garašanin 1998. види во: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Милојчиќ многу рано успеал да ги препознае развојните фази на Винчанската култура. Тој ја поделил Винчанската култура на следниве фази почнувајќи од најстарите: A, B 1-2, C, C-D и D (види: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Според Гарашанин (Garašanin 1998), винчанската култура се развива низ неколку фази и тоа почнувајќи од најстарата Винча-Тордош 1а, 1а-1б, 1а-2а, 1а-2б1, 1а-2б2, 1а-2б3, потоа следува Градачката фаза и најмлада е Винча-Плочник 1, 2а и 2б (види: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Поради тоа што во времето кога се ископувале доцнонеолитските локалитетети во Македонија не постоела оваа класификација на Винча, во овој труд ќе биде искористена класификацијата на Гарашанин од 1979 год. Тогаш на локалитетот Винча биле определени следниве фази: Винча-Тордош 1, Винча-Тордош 2а и 2б, Градачка фаза, Винча-Плочник 1, Винча-Пличник 2а и 2б (Garašanin 1979, 152). Поделбата на овие два истражувачи се покажа како најпрецизна и најкористена од страна на археолозите. Овие фази прецизно се вклопија во апсолутната хронологија која што беше направена неодамна на локалитетот Бело Брдо во Винча, како и со претходните датации (Tasić et. al. 2016).

Според добиените резултати Винчанската култура своите почетоци ги има некаде околу 5300 год.п.н.е. (сл. 6,7) (Borić 2009, 232, T.7; Tasić et. al. 2016, 27, 31, Fig. 17).




**Сл. 2 Населеноста на територијата на Винчанската култура – Винча А (лево) Винча B (десно) (Според Whittle et. al. 2016 fig. 26, fig.28)**

Винчанската култура се појавува на местото на среднонеолитската Старчевачка култура. Досега се изнесени повеќе теории и претпоставки за почетокот на Винчанската култура, поделени се ставовите помеѓу научниците дали станува збор за автохтона еволуција или доселување, миграција на нова популација која што е носител на Винчанската култура. Според некои автори Винчанската култура настанала од доселеници кои што во почетната фаза на Винча (Винча А) ги населиле овие простори (Dimitrijević 1979, 258). Досега за оваа проблематика најприфатена е теоријата дека се работи за бавна сукцесивна миграција која подразбира постепено прифаќање на новите културни вредности без масовни преселби, но не исклучувајќи ја и можноста за населување на одредено население (Гарашанин 1973; Garašanin 1979). Од друга страна пак според некои автори Винчанската култура настанала како резултат на автохтоната еволуција на Старчевачката култура (Lekovic 1990; Bogdanović 1996, 183-184). Овој проблем се чини уште многу долго ќе остане отворен за решавање. Се работи за една голема територија на која што се развивала и Старчевачката и Винчанската група така што тешко дека ќе може да се даде еден единствен одговор или решение за оваа проблематика. Како и да е, најраната фаза од Винчанската култура или Винча-Тордош 1 (А) се јавува на подрачјето на таканаречената класична Винча, односно на една поголема територија околу населбата Бело Брдо во Винча (Lekovic 1990, 71, PL 2) (Сл.2-А). На територијата на централна Србија досега се регистрирани околу 40

локалитети од доцниот неолит, но само кај локалитетите Гривац, Долна Грбица и Ресник се регистрирани појави кои што се врзуваат за најстарата Винча А фаза, при што авторот наведува дека оваа слика за преминот од Старчево во Винча се повеќе иде во прилог на автохтоната еволуција на Винчанската култура (Bogdanović 1996, 179, 184). На територијата на јужна Србија или јужноморавската и косовската варијанта на Винчанската култура исто така имаме оскудни податоци од локалитети со материјал кој би припаѓал на Винча-Тордош I (А) фазата. На оваа територија има неколку наоѓалишта кај кои е регистрирана најраната фаза на Винчанската култура, се работи за наоѓалиштето Житковац каде што се пронајдени јами во кои се среќаваат наоди кои што се врзуваат за Винча-Тордош I или II фазата. Истото се однесува и за населбата кај Предионица каде што хоризонтот со земуниците и наодите во нив се врзуваат за Винча-Тордош I или II фазата (Garašanin 1979, 185-191; Гарашанин 1998, 74-79) (сл.2-А,В).




**Сл. 3 Калибрирани датации од Промахон-Тополница (Според Vajsov 2007 fig.1)**

### *Источно од Македонија*

На територијата на југозападна Бугарија во доцниот неолит се појавува т.к.н. Акропотамос-Тополница културната група (Тодорова 1993, 82; Тодорова, Ваисов 1993, 113; Boyadziev 1995 166; Vajsov 2007, 81-83). Локалитет Промахон – Тополница е еден од локалитетите кои што се подобро датирани. Почетоците на овој локалитет или првата фаза, според датациите спаѓаат нешто пред 5300 г.п.н.е. (сл. 3) (Koukouli et. al. 2007, fig. 6; Vajsov 2007, 82, fig. 1), што значи некаде паралелно со почетокот на Винча културата на север и крајот на Анзабегово - Вршник во источна Македонија. Доцниот

неолит во западна Бугарија, по течението на Струма е документиран преку неколку наоѓалишта. Од тие локалитети има неколку прецизни датации, па забележано е дека околу 5400 г.п.н.е. настапува првата фаза на доцниот неолит. Тие прилично високи датации кои го одбележуваат крајот на раниот и почетокот на доцниот неолит на оваа територија потекнуваат од IV хоризонт од Сепарева Бања и I хоризонт од Булгарчево (Bojadziev 2007, 311; Чохаджиев 2007, 143–144). Можеме да забележиме дека овде имаме една прилично висока датација за почетокот на доцниот неолит, што е забележано и кај локалитетот Ситагрои каде што I слој е датиран помеѓу 5450/5400-5250/5200 п.н.е. (Bojadyiev 2007, 311). Оваа прва фаза од доцниот неолит во Западна Бугарија е документиран кај локалитетите Ваксево 4, Блгарчево 2, Ковачево 2, Долна Рибница и др. (Тодорова, Ваисов 1993, 111; Гребска-Кулова 2004, 135; Чохаджиев 2007, 53–54: 143–144). И овде имаме слична ситуација со јужна Србија и источна Македонија што се однесува до густината на населеност на оваа територија. Во првата фаза на доцниот неолит на оваа територија имаме помал број на населби за разлика од втората фаза кога ќе се појават повеќе населби во средното и долно течение на Струма (сл.4).




**Сл. 4 Населби од првата и втората фаза на доцниот неолит по долината на р. Струма во југозападна Бугарија – Прва фаза (лево) Втора фаза (десно) (Според Грабска-Кулова 2004 обр. 1, обр. 2)**

Според приложените датации за почетоците на доцниот неолит во соседните области се забележува дека на територијата на југозападна Бугарија имаме најрана појава на доцнонеолитски елементи во материјалната култура. Во таа прва фаза од доцниот неолит голем дел од населбите ја задржуваат топографијата од раниот неолит и продолжува животот на истите позиции. По течението на Струма досега преку рекогносцирања и ископувања регистрирани се околу 85 населби од неолитскиот период, од кои ископувања се вршени на 22 населби (Чохаджиев 2007, 53; Гребска-Кулова 2004, 137). Главна промена и тука како и кај населбите од поширокиот Балкански полуостров се забележани во керамичката продукција. Керамичкиот материјал во доцнот неолит во овој регион значително ќе се промени, главни белези се појавата на биконусните садови, сивата или црна полирана монохромна керамика кај која главни техники на украсување се јавуваат врежувањето, пунктирањето и канелурите кои што нудат најбогат репертоар на декорирање (Тодорова, Ваисов 1993, 113; Чохаджиев 2007, 82-83; Гребска-Кулова 2004, 137). Покрај овие карактеристични орнаменти за поголемиот дел од балканот во доцниот неолит, од локалитетот Промахон-Тополница потекнуваат и најразновидните техники и типови на украси, таму покрај сите погоре наведени орнаменти се среќава и сликањето, што е невообичаено за доцниот неолит на овие простори (Vajsov 2007).

Доколку направиме споредба на датациите за почетоците на доцниот неолит во соседните територии, може да се забележи дека и на север и на исток од источна Македонија доцниот неолит започнува во приближно исто време. Населбите покрај р. Струма можеби малку порано дошле во контакт со новите доцнонеолитски вредности. Тоа најверојатно се должи на тоа што реката Струма се зема како една од главните трансверзали низ кои што протекувале новите културни влијанија од југ. Населбите пак од јужниот дел на Србија како што ќе видиме во подолниот текст речиси ја делеле истата судбина како и населбите од источниот дел на Македонија. Тоа пред се’ се должи на изолираноста на оваа територија од северните и источните региони каде што населнието порано дошло во допир со новите културни вредности кои навлегувале, биле превземени од Анадолија низ Тракија, Дунав и јужниот Балкан. Јужниот и средишниот дел на Србија се одликуваат со ридести и шумски подрачја, така што во времето кога на север се јавуваат поголеми земјоделски населби кај кои што веќе дошло до промена на материјалната и духовната култура од

средниот неолит, во јужниот дел неколку среднонеолитски населби биле напуштени, а останатите подолго останале верни на среднонеолитската традиција. Слична ситуација имаме и во источниот дел на Македонија каде што во одредени региони луѓето до последен момент останале вредни на старите традиции. Тоа се основните причини поради кои што на овие простори доцниот неолит се јавува во една подоцна, поодмината фаза.

**Хронологија на доцнонеолитските локалитети во источна Македонија**

Археологијата во Р. Македонија од самите почетоци па до ден денес, покрај другите, еден од најголемите проблеми ги има со хронологијата. Тоа пред се' се однесува за праисториската археологија, каде што спаѓа и неолитскиот период. Поголемиот број на ископувани локалитети од неолитскиот период се датирани со релативна хронологија, односно преку споредба и синхронизација на движниот археолошки материјал со соседните локалитети и културни групи. Што се однесува пак до апсолутната хронологија, за жал тука немаме многу прецизни и убедливи податоци. Од неолитскиот период во Македонија С-14 датации имаме од неколку локалитети од кои што поради малиот број на датирани примероци сепак не можеме да воспоставиме прецизна и стабилна хронолошка рамка на локалитетите и културните групи. Овие датации биле извршени во главно на локалитети од средниот неолит, ситуацијата во доцниот неолит е жална што се однесува до апсолутната хронологија.

На територијата на источна Македонија кон крајот на Анзабегово – Вршник IV културната група, околу 5300 год.п.н.е. дошло до постепена промена во материјалната култура. Во тој период доаѓа до промена на материјалната култура, нова технологија во производството на керамиката, нови типови на садови и орнаменти. Тие новости биле донесени, превземени од Анадолија преку бавна - сукцесивна миграција, која подразбира пренесување на нови културни и технолошки елементи која не подразбира и преселби на народности. Поради тоа, определен е нов комплекс, кој бил наречен Балканско – Анадолски комплекс на доцниот неолит (Гарашанин 1973. 114-126; Garašanin 1979. 199-207). Истото гледиште го подржува и Оздоган кој што Балканот и Анадолија во доцниот неолит ги определува како еден голем културен комплекс во кој што се развиваат поголеми или помали локални културни групи со свои специфичности (Ozdogan 1993, 173-193).

### *Локални културни групи во источна Макеодонија-Зелениково 2 и Ангелци*

Таквите промени не ги поштедиле ниту луѓато кои што живееле на оваа тероторија во неолитскиот период. Тие промени биле регистрирани и кај локалитетите од нашата територија. Најпрво од страна на Гарашанин била определена нова културна група на доцниот неолит наречена Зелениково II (Garašanin 1979, 207-211). Имајќи увид во материјалот, како и директно учество при ископувањата на локалитетот Слатина, кај с. Зелениково, благодарение на претходните познавања на доцнонеолитската материјална култура на Балканот, Гарашанин умешно успеал да препознае нова локална културна група на доцниот неолит на овие простори. Оваа култура според материјалните остатоци, иако целосно се вклопува во поширокиот Балканско – Анадолски комплекс на доцниот неолит, како и со Винчанската група на север, сепак се издвојува како посебна, со свои локални специфичности (Гарашанин 1973. 114-126; Garašanin 1979. 199-211). Според истражувачот оваа доцнонеолитска населба и културната група своите почетоци ги имаат паралелно со Винча – Тордош II или B1, што значи во еден поодминат период на доцниот неолит во северните и источните краишта (Гарашанин, Спасовска 1976, 110–111; Garašanin 1979, 210-211).

Подоцна со ископувањето на населбата Страната, кај с. Ангелци била откриена населба од доцниот неолит која што настанала порано од населбата кај Зелениково. Врз основа на оваа населба била определена локална културна група Ангелци I и II која што својот развој го имала во југоисточниот дел на Македонија. Оваа културна група според движниот материјал потесно се врзува со доцниот неолит по долината на р. Струма во Бугарија, од каде што според некои автори се ширеле елементите од Винчанската култура (Санев 1994, 31; Sanev 2006, 156; Mitrevski 2003, 35). Почетоците на оваа културна група и постариот слој од населбата Страната кај Ангелци се врзуваат за фазата Винча – Тордош I (Санев, Стаменова 1989. 24; Чохаджиев 2007, 144, таб. 7; Гребска-Кулова 2004, 135–136; Mitrevski 2003, 35). Исто така и со почетоците на доцниот неолит во долината на Р. Струма кај локалитетите Ваксево, Блгарчево, Ковачево, Долна Рибница и др. (Гребска-Кулова 2004, 135; Чохаджиев 2007, 53–54: 143–144) (сл. 5)

***Релативна хронологија на доцнонеолитските населби***

Од доцниот неолит на територијата која што се обработува во овој труд апсолутна хронологија имаме од локалитетот Барутница, кај с. Анзабегово. Според датациите направени од Американскиот тим кој што работел на овој локалитет, слојот IV a, b во Американскиот сектор е датиран од 5200 – 5000 п. н. е. (Gimbutas 1976, 29, tab. II, 76-77). Овој слој е паралелен со почетокот на Винча – Тордош IIа или почетокот на B1 (Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17). Останатите доцнонеолитски локалитети се датирарани со релативна хронологија, односно најчесто преку позиционирање на локалитетот во некоја од фазите на соседната Винчанска култура. За среќа повеќето од локалитетите кои што биле ископувани од страна на добри познавачи на доцниот неолит, тука пред се би сакал да го споменам Милутин Гарашанин кој што целиот работен век го поминал истражувајќи го доцниот неолит, имаме добра релативна хронологија на неколку локалитети. Така што и тоа може да биде од голема помош за попрецизно датирање преку компарации со локалитети од соседните региони за кои што веќе постојат прецизни датации.

Досега ископуваните локалитети од оваа територија ги имаат следните фази: почнувајќи од Скопско, хоризонтот V од Говрлево е паралелен со Винча – Тордош I – II (Bilbija 1985, 35–36), помладиот втор слој од локалитетот Слатина кај с. Зелениково по кој што е именувана културната група Зелениково II, исто така припаѓа на фазата Винча – Тордош II (B1) (Garašanin 1979, 207–211), потоа Сред Село, с. Мршевци каде што помладиот хоризонт се поврзува со Зелениково II и последните слоеви од Анзабегово (Санев В. 1989, 21-22). Истото се однесува и за Тумба, с. Долно Палчиште (Саржоски, Здравковски 1991, 149, 143) и Под Село – Тумба, с. Стенче (Здравковски 2005, 25-31) кои што се датирани на почетокот на Винча-Тордош II. Кај локалитетот Атици кој што се наоѓа во југоисточниот дел на Македонија постариот слој е определен како дел од Винча – Тордош II (Здравковски 2008, 51). Кај сите тие локалитети приближно во исто време настанале доцнонеолитските населби. Исклучок прави постариот слој од населбата Страната кај Ангелци која се врзува за фазата Винча – Тордош I и за постарата фаза од доцниот неолит по течението на р. Струма (Санев, Стаменова 1989. 24; Чохаджиев 2007, 144, таб. 7; Гребска-Кулова 2004, 135–136).

Според овие датации на доцнонеолитските локалитети можеме да забележиме дека најстар доцнонеолитски локалитет од овие простори е локалитетот Страната кај с.

Ангелци. Овде е интересно тоа што во Струмичката котлина досега немаме сознанија за локалитет од средниот или раниот неолит. Тоа ни дава за право да изнесеме една претпоставка која што според сите досегашни сознанија сосема би била сосема веројатна. Доцниот неолит кај локалитетите од долината на р. Струма која што е природно поврзана со Струмичката котлина како што видовме во претходното поглавје настапува после 5400 г.п.н.е. Оваа датација е прилично висока, така што можеме да претпоставиме дека уште во тој период на оваа територија започнува појавата на доцнонеолитските елементи во материјалната култура. Првата фаза на локалитетот Промахон–Тополница е датирана малку пред 5300 г.п.н.е. Во овој период најверојатно била создадена и населбата кај Ангелци, и можеме слободно да претпоставиме дека се работи за доселеници од територијата на долината на Струма. Ова во голема мера го потврдува и материјалната култура која што има повеќе сличности со овие населби отколку со населбите на север во Македонија. Според ова можеме да претпоставиме дека околу 5300 год.п.н.е. дошло до населување на Струмичко и подигање на неколку нови населби. Останатите локалитети кои што се наоѓаат северно од реката Брегалница природно се поврзани помеѓу себе, како и со локалитетите од Јужна Морава и Прешевската долина каде што во доцниот неолит се развива ткн. Јужно Моравската варијанта од Винчанскатакултура.

**Обид за прецизна хронологија на доцнонеолитските локалитети**

Ситуацијата кај неколку локалитети од средниот и доцниот неолит од оваа територија ни налага почетоците на овој период да ги поделиме во две фази. Со тоа би можеле попрецизно да го позиционираме почетокот на овој период во општата хронологија на доцниот неолит на овој дел од Балканот. Оваа поделба е неопходна поради тоа што немаме брз и едновремен прекин на средниот, а со тоа и јасен почеток на доцниот неолит. Кај неколку населби се забележува период на постепено прифаќање на новите културни влијанија и технолошки знаења од локалното население, најпрво во среднонеолитските, а потоа и како посебни, веќе формирани појави во доцнонеолитските населби. Тие нови знаења и влијнија биле превземени од населбие од северните и источните краишта преку постепена културна асимилација на тукашното население. Новата материјална култура се јавува во две различни ситуации кај локалитетите од оваа територија, поради тоа почетокот на доцниот неолит може да се подели во две фази. Првата фаза го претставува периодот кога се појавуваат доцнонеолитски елементи во среднонеолитските населби, а втората фаза е чиста

доцнонеолитска, со материјална култура која што ги има сите карактеристики за населбите од овој период на поголемиот дел од Балканот.

***Прва фаза***

Првата фаза за почетокот на доцниот неолит би можеле да ја сместиме паралелно, или кон крајот на животот кај некои среднонеолитски населби. Во погорниот текст неколку пати беше споменато дека кај неколку среднонеолитски локалитети во последната фаза се јавува керамика која има доцнонеолитски карактеристики. Постојат две можности оваа керамика да стигнала во среднонеолитските населби. Првата опција е таа да била увезена од соседните населби каде што веќе се произведувала таква керамика. Во тој случај оваа керамика може да била донесена со увоз или преку размена на продукти на населбите од оваа територија со соседните. Втората опција е локално производство на керамиката во среднонеолитските населби, каде што во исто време биле употребувани двете различни технологии за производство и орнаментирање на керамичкиот материјал. Оваа фаза не се среќава кај сите среднонеолитски населби од последната IV фаза од Анзабегово-Вршник културата. Кај локалитетите Церје, с. Говрлево, Сред Село, с. Мршеври, Под Село, с. Стенче и Тумба кај Долно Палчиште не е забележано мешање на керамичкиот материјал во последната средннеолитска фаза (Санев В. 1989а; Bilbija 1986; Здравковски 2005, 25-31;Саржоски, Здравковски 1991, 149, 143). Овие локалитети се од Скопскиот и Полошкиот регион, тие региони географски се понастрана од Кумановско и Овче Поле од каде што минувале главните патишта и се одвивале главните комиуникации со соседните региони. Можеме да претпоставиме дека кај овие населби населението до последен момент останало верно на старите традиции и знаења поради својата географска местоположба и поволните услови за живот во овие региони. Ситуацијата е поразлична кај локалитетите Вршник во с. Таринци, Руг Баир кај с. Горубинци, како и во населбата кај Анзабегово во последната среднонеолитска фаза кај овие локалитети. Кај овие локалитети во последните слоеви доаѓа до појава на нов керамички материјал, нова технологија на изработка и орнаментирање на керамичкиот материјал, но во исто време со среднонеолитската керамичка продукција (Гарашанин 2009а, 253; Санев 1975, 224-225; Гарашанин М., Гарашанин Д. 1961, 28; Garašanin 1979, 95-96). Овие новости биле превземани од населбите од соседните региони, пред се од локалитетите од јужна Морава кои под влијание на Винчанската култура порано дошле во додир со новата технологија, како и од населбите по р. Струма во соседна Бугарија. На оваа фаза припаѓа и локалитетот Страната кај с. Ангелци. За разлика од горенаведените среднонеолитски локалитети, населбата кај Ангелци настанала токму во овој период како нова доцнонеолитска населба, со керамика која ги има сите

особености од доцниот неолит по р. Струма. Оваа населба била подигната во времето паралелно со крајот на средниот неолит во источна Македонија, Винча-Тордош 1 или Винча А и првата фаза од доцниот неолит по долината на Струма. Доколку ги разгледаме и споредиме датациите направени кај локалитетите од соседството можеме да забележиме дека оваа прва фаза од појавата на доцнонеолитки материјал кај нашите локалитети можеме да ја сместиме некаде во периодот од 5350-5250 год.п.н.е. (сл. 5). Овие датации се поклопуваат и со датациите направени на локалитетот Барутница од страна на Американскиот тим кој работел таму. Според тие датации средниот неолит на овој локалитет завршува некаде околу 5300 г.п.н.е (Gimbutas 1976, 29-32, Т. I, Т. II).

Во овој период настапува криза кај среднонеолитските населби, се истрошуваат природните ресурси околу населбите, доаѓа до постепена промена на климата што резултирало со напуштање на некои населби, населување на нови позиции и групирање на населението во населби каде што сеуште постоеле услови за земјоделство и сточарство. Во текот на тие 100-тина години на оваа територија и дефинитивно згаснува средниот неолит. Во овој период може да се забележи дека и на територијата на средна и јужна Србија настанала криза кај населението. Таму се забележува хијатус




**T.I 1-4 Anzabegovo, 5,6 Stranata (1-Mount-Williams 1976, fig. 83-3, 133; 2- Mount-Williams 1976, fig. 85. 135; 3- Mount-Williams 1976, fig. 72, 124; 4- Mount-Williams 1976, fig. 78-6, 128; 5-Санев, Стаменова 1989, Т.Х. 7; 6-Санев, Стаменова 1989, Т.II. 6)**

на живот и мал број населби, за разлика од територијата околу Дунав каде што започнува да се развива Винчанската култура и се создаваат голем број на населби.

Истото се однесува и за населбите по р. Струма каде што во оваа прва фаза на доцниот неолит има помал број на населби (сл. 2-А, 4-I). Во потрага по подобри услови за живот биле населувани нови позиции или пак групирање во постарите населби каде што сеуште постоеле услови за живот. Веќе во следниот период на Винча-Тордош II или B фазата, како и втората фаза на доцниот неолит во Струма се јавуваат значително поголем број на населби кои што својот најголем развој го имаат во следниот период.




**T.II. 1,2 Anzabegovo (1-Mount-Williams 1976, fi. 97, 143; 2-Mount-Williams 1976, fig. 80-5) 3- Странатa (Санев, Стаменова 1989, T.X. 9) 4-Чибук Чешма (Здравковски 1993, T.IV 2, 25) 5 – Долен Шамак (Наумов 2014, T. 2, 3) 6, 7 – Амам (Наумов 2014, T. 1. 1,2)**

***Втора фаза***

Под силно културно и економско влијание од соседните области и култури веќе во следниот период, или втората фаза од почетокот на доцниот неолит на овие простори потполно биле прифатени новите културни вредности и технолошки знаења. Како што видовме во погорниот текст скоро сите доцнонеолитски населби настанале во периодот паралелно со Винча-Тордош II фазата или Зелениково 2 од нашата територија. Доколку направиме синхронизација на нашите локалитети со соседните можеме попрецизно да го одредиме почетокот на доцниот неолит на овие простори.

| Phase | Strimon River | Topolnica-Akropotamos Culture | Phase | Eastern Macedonia | Vinca Culture | | Central and South Serbia |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| II | Angelci II, Damjanica I, Separeva Banja II, Slatino1... | Phase II (5300-5070 BC) | Phase II 5250 BC > | Angelci II, Zelenikovo II, Atici, Anzabegovo, Sred Selo, Tumba D. P., Pod Selo-Tumba, Cerje, Amam, Chibuk Cheshma | Vinca-Tordos IIa 5230 BC > | B1 5230 BC > | Zitkovac, Drenovac, Belovode, Vinca, Supska, Ivankovac, Cukar, Plocnik, Predionica... |
| Ib<br>Ia | Vaksevo IV, Kovachevo II, Dolna Ribnica, B'lgarchevo Angelci I | Phase I (5320 BC) ? | Phase I >5250 BC | Rug Bair Anzabegovo IV Vrshnik Angelci I | Vinca-Tordos I 5320-5230 BC | A 5320-5230 BC | Zitkovac, Drenovac, Belovode, Grivac, Vinca, Supska... |

**Сл. 5 Синхронизација на локалитетите и фазите од источна Македонија со соседните културни групи и археолошки локалитети**

Ако ги разгледаме внимателно податоциите од соседните региони се забележува дека фазите Винча-Тордош II или Винча B настануваат во периодот околу 5250-5200 г.п.н.е. (види: Tasič et. al. 2016, 31, Fig.17; Borić 2009, T. 7; Whittle et. al. 2016 40-42, fig. 37). Имајќи во предвид дека доцнонеолитскиот слој од Церје е датиран кон крајот на Винча-Тордош I и почетокот на II, што би било паралелно со почетокот на Винча B фазата, можеме почетокот на доцниот неолит на овој локалитети, да го позиционираме околу 5250 г.п.н.е. Останатите локалитети како Слатина кај с. Зелениково, Сред Село, с. Мршевци, Тумба, с. Долно Палчиште и Под Село – Тумба, с. Стенче, Атици, с Црничани и др. своите почетоци ги имаат на почетокот од Винча-Тордош II, што значи после 5250 г.п.н.е. Според апсолутните датирања на соседните локалитети од оваа фаза, можеме почетокот на доцниот неолит да го позиционираме во времето на втората половина на 53 век.п.н.е. (сл.5,6,7).




**Сл. 6 Почетокот на Винча А и развојните фази (Според Whittle et. al. 2016 fig. 37)**

Во тој период во текот на 20-30 години конечно биле воспоставени новите културни и естетски вредности на луѓето од оваа територија, биле засилени и стабилизирани контактите со соседните населби, доаѓа до стабилизирање на животот и појава на поголеми населби кои што броеле по неколку илјади жители, трговски и економски центри (Gimbutas 1976a, 34, 37).




**Сл. 7 Хронологија на локалитетот Бело Брдо кај Винча (Според Tasić et. al. fig. 17)**

Во периодот од 5350-3250 г.п.н.е. доаѓа до постепена адаптација на новите природни услови за живот и прифаќање на новите културни и естетски вредности. Во некои области уште во овој период се јавуваат доцнонеолитски населби кои што припаѓаат на А фазата од Винчанската култура. На сликата 6 е прикажан постанокот на оваа култура и нејзините фази (сл.6)

Во периодот на Винча-Тордош II или Винча В се забележува зголемен број на населби на територијата на јужна и средна Србија, како и на територијата покрај Струма (Сл. 2-В, 4-II). Идентична ситуација имаме со локалитетите од нашата територија каде што после кризниот период кон крајот на средниот неолит се јавуваат повеќе населби кои што своите почетоци ги имаат паралелно со II фаза од Винча-Тордош и втората фаза од доцниот неолит по Струма (сл. 8).

За жал слоевите кои што потекнуваат од доцниот неолит кај локалитетите за кои што станува збор во овој труд се доста оштетени од обработката на земјата. Тоа важи скоро за сите населби кои што овде беа презентирани, ситуацијата е таква поради тоа што доцнонеолитските слоеви се последни праисториски слоеви на тие локалитети. Во некои ситуации оштетувањата доаѓаат од подоцнежни Римски или доцноантички




**Сл. 8 Доцнонеолитски населби од источна Македонија и Винчанската култура од Винча-Тордош II или Винча В фазите**

населби или некрополи, но поголемиот дел се оштетени од модерната механизација. Поради тоа немаме доволно податоци за архитектурата или друг недвижен материјал од тој период. Истото важи и за керамичкиот метаријал кој што најчесто е доста фрагментиран така што кај повеќето извештаи од ископувањата забележано е дека поради оштетеноста на материјалот отежнато е неговото попрецизно датирање. Поради тоа би сакал да напоменам дека предложените датации за почетокот на доцниот неолит во источна Македонија се направени преку споредба со соседните култури каде што имаме стабилни хронолошки рамки. Споредбата е направена единствено преку користење на релативната хронологија направена од истражувачите на доцнонеолитските населби, така што во иднина со нови искоувања на овие локалитети можно е да биде поместена нивната хронологија. Со сегашните податоци за доцниот неолит, мислам дека сосема е оправдано почетокот на доцниот неолит да го позиционираме во втората половина на 53 век.п.н.е. Овие датации сосема се вклопуваат во сликата за доцнонеолитските локалитети од овој дел на Балканот. Забележавме дека во исто време се зголемува бројот на населби во јужна Србија, по долината на Струма и на територијата на источна Македонија, несомнено луѓето од овие региони ја делеле истата судбина и културен и економски развој.

**Заклучок**

На крајот сепак можеме да донесеме првичен заклучок за судбината на луѓето и населбите во периодот од 5400 до 5200 год.п.н.е. Крајот на средниот неолит на оваа територија бил предизвикан од повеќе фактори меѓу кои како главен фактор би ги земал климатските промени. Во тој период доаѓа до зголемување на температурите што било проследено со суши и неповолни услови за земјоделство, големата населеност на оваа територија во средниот неолит резултирала со трошење на природните ресурси околу населбите со што настапува криза кај среднонеолитското население. Кон крајот на средниот неолит на оваа територија најверојатно се зголемиле контактите населбите од северните краеви каде што во исто време се појавува доцнонеолитската Винчанска култура. Преку интензивни контакти со населението од Винчанската култура и со населението кое живеело по долината на р. Струма тукшното население полека започнува да се запознава со новата керамичка продукција и технологија на производство. Тоа ја претставува првата фаза за почетокот на доцниот

неолит на овие простори. Во втората фаза веќе биле воспоставени чисто доцнонеолитски културни вредности. Во овој период луѓето се групирале во среднонеолитските населби, што резултирало со појава на населби од по неколку илјади жители, исто така биле населени и нови позиции без претходен развиток. Според досегашните сознанија за хронологијата на доцнонеолитските локалитети од нашата територија можеме да заклучиме дека тие настанале во период од 2-3 децении во втората половина на 53 век п.н.е.

**Користена литература**


- Гарашанин, М. 1973. *Праисторија на тлу С.Р. Србија*. Београд.
- Гарашанин, М. 1998. Винчанска култура и јадрански утицаји. *Археолошко благо Косова и Метохије од неолита до раног средњег века*. 60–87.
- Гарашанин, М. 2009а. Заклучок. *Анзабегово населба од раниот и средниот неолит во Македонија,* 237-256
- Гарашанин, М., Гарашанин, Д. 1961. Неолитска населба Вршник кај село Таринци. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* II, 7–40
- Гарашанин, М. Спасовска Г. 1976. Нови ископувања во Зелениково кај Скопје. *Macedoniae Acta Archaeologica* 2. 85–118
- Гарашанин, М., Гарашанин, Д. 2009. Керамика. *Анзабегово населба од раниот и средниот неолит во Македонија.* 85-236.
- Гребска-Кулова, М. 2004. Културни промени в Югозападна България през втората половина на IV хил. пр. Хр. *Праисторическа Тракия.* 133–145.
- Здравковски, Д. 1993. Неолитска населба „Чубук Чешма“ – с. Никуштак, Куманово. *Macedoniae Acta Archaeologica*13. 19–30
- Здравковски Д. 2005. Неолитска населба „Под село – Тумба“ с. Стенче. *Зборник на Музејот на Македонија* 2. 25–31
- Здравковски, Д. 2006. *Генеза и развој на Анзабегово – Вршничката културна група.* Не публикувана докторска дисертација. Филозофски факултет Скопје.
- Здравковски, Д. 2008. Археолошки истражувања на локалитетот „Атици“ во село Црничани, Гевгелиско. *Археолошките откритија на почвата на Македонија.* 49–59

- Здравковски, Д. Шурбановска, М. 1983. Извештај од заштитното ископување на ХЕЦ „Мавровица“ во с. Немањици-Светиниколско. *Зборник на Археолошки музеј на Македонија* 10-11. 111-123.
- Митревски, Д. 2013. Праисторија на Република Македонија, *Македонија– милениумски културно – историски факти. (Да се проверат страни)*
- Наумов, Г. 2014. *Неолитски антропоморфизам и хибридност: третманот на телото на балканот од VII – V милениум пред н. е.* Непубликуван докторски труд, Филозофски факултет Скопје.
- Санев, В. 1975. Неолитска населба Руг Баир кај с. Горобинци. *Зборник на Штипскиот Народен Музеј* IV – V, 203 – 231.
- Санев, В. 1980. Праисторија на С.Р. Македонија. *Од Археолошкото богатство на С.Р. Македонија. (Да се додадат страни)*
- Санев 1986. Странатa. *Arheološki pregled* 26. 44-45.
- Санев, В. 1989а. Средлесо, с. Мршевци. *Arheološki pregled* 28, 1987. 41–42.
- Санев, В. 1989б. Канли Чаир, Неолитска населба. *Arheološki Pregled 28, 1987.* 36-37.
- Санев, В. 1994. Младото камено време. *Археолошка карта на Република Македонија* 1. 26–42
- Санев, В. Стаменова, М. 1989. Неолитска населба „Страната“ во село Ангелци. *Зборник на трудови.* 9-63
- Саржоски, С. Здравковски, Д. 1991. Тумба во село Долно Палчиште-Тетово. *Macedoniae Acta Archaeologica* 12. 131-144
- Тодоровски – Карасарлидис, Д. 2008. Неолитска теракотна култна пластика од локалитетот Долни Шамак, Катланово. *Македонско Наследство* 32. 52-82
- Тодорова, Х. 1993. Периодизация и абсолютна хронология на новокаменната епоха на балканския полуостров. *Ново-каменната епоха в България.* 42–63.
- Тодорова, Х. Вайсов, И. Неолитните култури в Българиял. *Ново-каменната епоха в България.* 94-147.
- Чохаджиев, С. 2007. *Неолитни и халколитни култури в басейна на река Струма.* Велико Търново.
- Bilbija, M. 1986. Cerje, Neolitsko naselje. *Arheološki pregled* 1985 26. 35–36
- Borić, D. 2009. Absolute Dating of Metallurgical Innovations in the Vinča Culture of the Balkans. *Metals and Societies.* Studies in honour of Barbara S. Ottaway. 191-245

- Bogdanović, M. 1996. Early Vinča in Central Serbia. *From Starčevo to Vinča culture, Current problems of the transition Period.* 179-196.
- Boyadziev, Y. 1995. Chronology of Prehistoric Cultures in Bulgaria. *Prehistoric Bulgaria. No. 22*. 149-192
- Bojadziev, J. 2007. Absolute Chronology of the Neolithic and Eneolithic Cultures in the Valley of Struma. *The Struma/Strymon river valley in prehistory*. 309-316
- Dimitrijević, S. 1979. Sjeverna zona. In: Benac, A. (ed.) *Praistorija Jugoslavenskih zemalja II* – neolitsko doba. Sarajevo: Akademija Nauke I Umetnosti Bosne I Hercegovine. 229-360
- Garašanin, M. 1979. Centralnobalkanska zona. In: Benac, A. (ed.) *Praistorija Jugoslavenskih zemalja II* – neolitsko doba. Sarajevo: Akademija Nauke I Umetnosti Bosne I Hercegovine, 79–213.
- Gimbutas, M. 1976. *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia.* Los Angeles: The Regents of the University of California.
- Gimbutas, M. 1976a. Chronology. In Gimbutas, M. (ed) *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia.* Los Angeles: The Regents of the University of California.
- Gimbutas, M. 1976b. Figurines. In Gimbutas, M. (ed.) *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugolslavia*.. Los Angeles: The Regents of the University of California. 198-241.
- Koukouli, C. et. al. 2007. Promachon-Topolnica. A Greek-Bulgarian archaeological project. *The Struma/Strymon river valley in prehistory*. 2007. 43–78
- Leković, V. 1990. The Vinčanization of Starčevo culture. *Vinča and its world, International Symposium – The Danubian region from 6000 to 3000 B.C.* 67-74
- Mount-Williams, L. 1976. Anza IV (Early Vinča) Ceramics. In Gimbutas, M. *Anza, Neolithic Macedonia, As reflected by Excavation at Anza, Southeast Yugoslavia.* Los Angeles: The Regents of the University of California. 117-158
- Mitrevski, D. 2003. Prehistory of Republic of Macedonia-F.Y.R.O.M. *Recent Research in the Prehistory of the Balkans.* 13-68
- Ozdogan, M. 1993. Vinca and Anatolia: a new look at a very old problem (or redefining Vinca culture from the perspective of Near Eastern tradition), *Anatolica 19*. 173–193

- Sanev, V. 1996. The Anzabegovo – Vršnik group and the problems of the Late Neolithic in Eastern Macedonia. *From Starčevo to Vinča culture. Current problems of the Transition Period.* 147–164.
- Tasič, N. et al. 2016. Interwoven strands for refining the chronology of the Neolithic tell of Vinča-Belo Brdo, Serbia. From [http://journals.cambridge.org/RDC]
- Vajsov, I. 2007. Promachon-Topolnica. A typology of painted decorations and its use as a chronological marker. *The Struma/Strymon river valley in prehistory*. 79–120.
- Whittle et. al. 2016. A VInča potscape: formal chronological models for the use and development of Vinča ceramics in south-east Europe. *Documenta Praehistorica* XLIII. 1-60.